Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

# Извадок на дел од дневни настани 12.09.2022

Вчера (11.09.2022) околу 10.30 часот полициски службеници од СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар, во гостиварски Добридол, лишиле од слобода малолетник од ова село, поради сомнение дека бил инволвиран во извршување на тешка кражба. Кај него бил пронајден и одземен предмет кој потекнувал од претходно извршено кривично дело „кражба", кој ќе биде вратен на сопственикот. По документирање на случајот против лицето ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.09.2022 во 21.00 часот во Градскиот парк во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода Д.Н.(23) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена грутчеста материја и нож. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (12.09.2022) од страна на полициски службеници од СВР Битола–ОКП Битола, во битолскиот Градски парк, лишени од слобода се С.А.(23), П.Т.(21) и еден 17-годишник, сите од Битола, бидејќи кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Полициски службеници на СВР Тетово вчеравечер (11.09.2022) околу 23.10 часот во тетовско Долно Палчиште лишиле од слобода малолетник од ова село, затоа што при преглед му била пронајдена марихуана. Во присуство на старател тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 11.09.2022 Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 938 возачи. Од нив 57 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а осум возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 553 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 385 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (11.09.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 251 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 136 санкции, 20 мерки за возење без возачка дозвола, 38 мерки за возење под дејство на алкохол. Изречени се 12 мерки за нерегистрирани возила, осум санкции за возач почетник, шест мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 11.09.2022 од 15.00 до 21.00 часот полициски службеници на СВР Тетово спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената, во која вкупно биле изречени 186 мерки (ТЕ-132 и ГВ-54). При контролата било утврдено дека 87 возачи (ТЕ-48 и ГВ-39) ја пречекориле максимално дозволената брзина надвор од населено место, од кои 5 (ТЕ-4 и ГВ-1) за повеќе од 70 километри на час над дозволеното. Покрај ова, санкционирани се и 99 пречекорувања на пропишаната брзина во населено место (ТЕ-84 и ГВ-15), додека двајца возачи (ТЕ) ја пречекориле дозволената брзина за 50 километри на час. При контролата, исто така, откриени и санкционирани се и 15 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-8 и ГВ-7).

На 11.09.2022 во 19.15 часот во Св.Наум-Охрид, на регионалниот пат кај место викано „33 Горица", поради илегално преминување на државната граница полициски службеници приведоа државјанин на Тунис, кој немал документ за идентификација, а се претставил како Т.С.(49). Тој бил задржан во Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Св.Наум и ќе биде спроведен до Прифатно-транзитниот центар „Винојуг" Гевгелија.

На 11.09.2022 во периодот од 15.00 до 21.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле констатирани 80 пречекорувања на брзината, од кои 28 на подрачје на Струмица, 24 на подрачје на Радовиш, 19 на подрачје на Гевгелија и 9 на подрачје на Валандово. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 11.09.2022 во 13.45 часот пријавено е дека на регионалниот пат Битола-Прилеп, во правец кон с.Лагово, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фиат уно", управувано од М.Д.(58) од Прилеп и патничко возило „бмв", управувано од Д.И.(23) од Прилеп, двете со прилепски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле двајцата возачи и сопатникот од возилото „фиат уно", Т.С.(40) од Прилеп, констатирани во Градската болница во Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 11.09.2022 во 09.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, Л.П.(54) од Скопје пријавила дека на бул.„Борис Трајковски" била касната од куче скитник.

На 11.09.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 57 прекршоци, од кои 44 во населено место и 13 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. На 10/11.09.2022 во периодот од 22.00 до 04.00 часот на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола било констатирано дека 12 возачи управувале возила под дејство на алкохол и тие биле исклучени од сообраќај, времено им биле одземени возачките дозволи и изготвени им биле прекршочни платни налози. Санкционирани биле и 30 други видови на прекршоци, од кои 11 за управување возило без возачка дозвола, 3 за управување нерегистрирано возило, 2 за возач почетник, 6 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за непрописно престигнување, 6 за некористење сигурносен појас и 1 за некористење заштитна кацига.

На 11.09.2022 во 12.05 часот било пријавено дека во с.Крклино, битолско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „цитроен ц3", со скопски регистарски ознаки, сопственост на правно лице, а управувано од Ч.Н.К.(83) од Израел и мопед „лонџија", со битолски регистарски ознаки, управуван од Р.М.(19) од с.Долно Оризари, битолско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот, а со телесни повреди се здобил сопатникот од мопедот А.Т.(20) од с.Долно Оризари, констатирани во Клиничката болница во Битола. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола.

На 11.09.2022 во 13.30 часот во Полициската станица Карпош, Н.Н.(63) од Скопје пријавила дека на бул. „8 Септември" била касната од куче скитник.

На 12.09.2022 во 10.15 часот пред тунел Јаворица, на автопатот А1 во правец Гевгелија-Демир Капија, полициски службеници од Регионален центар за гранични работи Југ, Полициска станица Богородица, го лишиле од слобода П.Ч.(22) од Скопје. При контрола на патничко возило „БМВ", со скопски регистарски ознаки, кое тој го управувал, биле пронајдени 11 лица мигранти од Сирија. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Валандово. Лицата мигранти се предадени на полициски службеници од Одделението за прекугранични криминал при Регионален центар за гранични работи Југ за понатамошна постапка. За случајот е известен Јавен обвинител, а по негово целосно документирање против П.Ч. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10, 11 и 12.09.2022, од страна на полициски службеници од Полициската станица за граничен премин Табановце и Полициската станица за граничен премин Блаце при Регионалниот центар за гранични работи Север при извршена дополнителна контрола на влез и излез од државата на седум моторни возила, од кои три патнички возила, три автобуси и еден минибус, кои вршеле меѓународен превоз на патници, биле констатирани прекршоци, односно непоседување на законски пропишаната документација. Така, на Граничен премин Блаце, при контрола на автобус со тетовски регистарски ознаки, управуван од З.С.(41) од Гостивар, било констатирано дека врши меѓународен превоз на патници без поседување на соодветна документација. На Граничен премин Табановце, при контрола на минибус, управуван од Б.Џ.(60) од Желино, патничко возило комби „форд транзит", управувано од В.Г.(44) од Струмица, патничко возило „опел вектра", управувано од С.Д.(47) од Куманово, автобус управуван од С.Е.(49) од Тетово, автобус управуван од Ј.Г.(38) од Дебар и патничко возило комби управувано од Е.А.(55) од Куманово, сите со македонска национална ознака, било констатирано дека вршат меѓународен превоз на патници без поседување соодветна документација. Од страна на полициските службеници и Државниот инспекторат за транспорт изречени се соодветни санкции за возачите и правните лица.

На 11.09.2022 во периодот од 15.00 до 21.00 часот, на подрачјето на СВР Охрид преземени се засилени сообраќајни акциски контроли. Притоа, полициските службеници санкционирале 104 возачи на моторни возила кои во и надвор од населено место ја надминале дозволената брзина на движење (Охрид-17, Струга-28, Кичево-32, Дебар-27).

На 11.09.2022 во 23.00 часот на подрачјето на Кисела Вода од полициски службеници од СВР Скопје лишен е од слобода Ц.Д.(46) од Скопје, затоа што околу 17.30 часот, по претходна расправија, физички ја нападнал неговата 41-годишна вонбрачна партнерка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на изминатиот викенд, полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на СВР Куманово санкционирани се вкупно 234 возачи. Од нив 182 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 17 санкции за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, 17 за управување возило без возачка дозвола и 18 останати видови прекршоци.

На 11.09.2022 во 15.40 часот било пријавено дека во Скопје на подрачјето на Аеродром бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу А.Г.(41), С.Г.(72), Д.К.(34) и Н.С.(45), од една страна, и А.Ј.(35) и А.Ј.(31), од друга страна, сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Битола поднесе кривична пријава против В.Р.(39) од Битола, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 07.09.2022 околу 18.00 часот, пријавениот на свој профил на социјална мрежа, објавил видео запис со заканувачка содржина кон Н.Ѓ.(57) од Битола и кон други лица, а околу 16.00 часот било пријавено дека во Битола, на ул. „Васко Карангелески", пријавениот носел нож и претставувал опасност за граѓаните, по што бил приведен од полициски службеници.

На 11.09.2022 во 16.00 часот Е.С.(43) од Скопје пријавила дека на 10.09.2022 околу 19.00 часот на подрачјето на Центар во Скопје, нејзиниот син бил физички нападнат од В.С. и уште две лица. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.М.(63) од с.Романовце, кумановско, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело ,,недозволено изработување, држење и тргување со оружје и распрскувачки материи". На 04.08.2022 во с.Романовце, при извршен претрес во дом и други простории каде живее пријавениот, полициски службеници од СВР Куманово пронашле и одзеле пушка за која не поседувал дозвола.

На 11.09.2022 во 14.45 часот М.П.(60) од Скопје, пријавил дека околу 13.15 часот во Скопје, на патот кон Нерези, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.09.2022 во 18.00 часот во Полициската станица Карпош, Ј.К.(56) од Скопје пријавил дека од болницата во Бардовци се оддалечил неговиот внук Г.Д.(22) од Скопје. Тој и претходно бил пријавуван дека се оддалечувал и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Битола - ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против М.А.(41), А.Р.(44), Ќ.Ш.(41) и С.Р.(19), сите од Прилеп, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 08.09.2022 А.К.(38) од Прилеп пријавил дека на 07.09.2022, по претходно недоразбирање помеѓу пријавените и неговиот син, А.К. бил физички нападнат.

На 11.09.2022 во 17.00 часот Л.К.(50) од с.Визбегово, скопско, пријавила дека околу 16.00 часот во с.Визбегово била физички нападната од П.Ј.(32) од истото село. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет